31320

САИ

ВЕСНИК НА САС, !!!!!!!!!ФЕВРУАРИ 1984 год.!!!!!!!!! ДВОМЕСЕЧНИК, број 1 !!!!!!!! тел.: 221-818

# НАМЕСТО МАНИФЕСТ

Над половината од двете илјади архитекти во Македонија, живеат и дејствуваат во Скопје. Оттаму е разбирливо, што овој огромен потенцијал беше /и сè уште е/ основна движечка сила на Сојузот на друштвата на архитектите на Македонија, со тежиште на активноста во нашиот главен град. Разгранатоста на Сојузот, сепак бараше диференцирање на нештата и поинаква организациона поставеност, па минатата пролет се случи тоа, што подолго време се наметнуваше како потреба — беше формирано Здружението /Сојуз/ на архитектите на Скопје. На тој начин, се создадени основните предуслови за уште појасно да се насочат ангажирањата на скопските архитекти во обмислувањето, збогатувањето и унапредувањето на архитектонско—урбанистичкото творештво, во креирањето на работата и животната средина во својот град.

Доброволното ангажирање во рамките на новото здружение се потпира на искуствата на СДАМ, во духот на активен однос кон сè што се однесува на градителската мисла и реализација кај нас. Притоа, желба на архитектите е да имаат што поголемо учество и влијание врз одлучувањето во оваа област и тоа врз основа на темелни познавања и изградени критериуми на вреднување на архитектонскиот труд.

Сето тоа, е тешко остварливо без соодветен начин на комуницирање на членовите на Градскиот сојуз /здружение/ на архитектите, и затоа, неразделно од формирањето на организацијата, е и покренувањето на соодветно гласило, кое ќе се развива и збогатува паралелно со Сојузот. Гласилото ќе настојува на своите членови да им пружи навремени информации, да им даде простор за изнесување идеи, иницијативи, мислења и расправи за сите прашања и проблеми со кои е соочен градот, односно архитектите во својата работа. Постојат низа прашања што се од витален интерес во архитектонската дејност — во кој било нејзин сегмент — од проектирањето, преку реализацијата во градежништвото, до органите на управата, образовните организации, средствата за информирање и тн. Како и секоја пионерска работа, покренувањето и оформувањето на ова гласило носи своевидни тешкотии како што се одредувањето на физиономијата, ангажирањето на соработници, обезбедувањето услови за работа, но за утеха тие проблеми барем донекаде ги ублажува присутниот почетнички ентузијазам. Сепак, успехот на овој зафат најмногу ќе зависи од соработката и заинтересираноста на членовите на САС, кои во новото архитектонско гласило треба да гледаат свој медиум, средство за комуникација, и еден вид партнер во своето професионално живеење. Гласилото би било непотполно, доколку во него не најдат свое место сите генерации; од оние што сè уште се наоѓаат во студентските клупи, до зрелите архитекти, чие професионално искуство е скапоцено за развојот на следните генерации архитекти.

Во тек е акција за обезбедување на простор, некаков вид клуб на САС, кој треба да ги обезбеди елементарните услови за среќавање, активности и секојдневно заедничко општествено живеење на скопските архитекти. Нема причини да не веруваме, дека во рамките на сето тоа ќе се создаде уште поповолна атмосфера и дека гласилото ќе го најде и оправда своето место меѓу архитектите во Скопје.

Дојде времето на сериозни инвестициони рестрикции, а тоа значи дека помалку се гради. Но, токму тоа, создава простор за размислување, што често во времето на градежната „еуфорија" беа занемарувани. САС и преку ова гласило треба да размислува, полемизира за низата нерешени правци на идниот развој на градот, за функционалните и естетските пропусти, што можат да бидат потенцијални содржини и пунктови на градот, неопходни тој да добие свој дух.

Мелпомени Корнети

**КОЛЕГИ И КОЛЕШКИ, АРХИТЕКТИ А И ПОШИРОКО, ЈАВЕТЕ СЕ! НЕМОЈТЕ ДА ЧЕКАТЕ СО СИЛА ДА ЦЕДИМЕ ПРИЛОЗИ ОД ВАС! НЕКА НЕ ВЕ ОБЕСХРАБРУВА КРОТКОСТА НА ПРВИОТ БРОЈ — МОРАВМЕ НЕКАКО ДА ИЗЛЕЗЕМЕ! ВАШАТА НЕСКРОТЛИВА БОРБЕНОСТ И БЕСКОМПРОМИСНОСТ ВО ПЛАСИРАЊЕТО НА НОВИТЕ АРХИТЕКТОНСКИ ИДЕИ И ГРАДЕЊЕТО НА ПОСВЕТЛАТА**



**ОВА Е ВАШ ВЕСНИК. А НЕ НАШ! ИДНИНА НЕКА СЕ ИЗДУШУВА НА ОВИЕ СТРАНИЦИ! ОВА НЕКА БИДЕ ВАШИОТ ПОЛЕМИЧКИ ПОЛИГОН!**
**БОРБЕНАТА АРХИТЕКТОНСКА ПОЛЕМИКА СО ДЕЦЕНИИ ВИРЕЕ И СЕ РАЗВИВА ВО НАШАТА СРЕДИНА — ДА ЈА ПРОДОЛЖИМЕ ТАА СВЕТЛА ТРАДИЦИЈА!!**
**ДА ЖИВЕЕ САИ!!!**